**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УСТАВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Су.бр. 1115/24**
**26 септември 2024 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 15 став 1 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 септември 2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат

За извршител на работното место-административен работник-архивар во Одделението за општи и административно-технички работи во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија се избира кандидатот Цана Попов.

## О б р а з л о ж е н и е

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 22 август 2024 година објави Јавен оглас бр.2/2024 во два дневни весници („Нова Македонија“ и „Коха“) и на интернет страницата на Уставниот суд, за вработување на неопределено време на работното место-административен работник-архивар во Одделението за општи и административно-технички работи во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија (еден извршител).

Комисијата за организациони и кадровски прашања на ден 12 септември 2024 година изврши административна селекција на поднесените пријави за што беше составен Записник од извршена административна селекција на поднесени пријави за вработување на неопределено време Су.бр.1063/24 од 12 септември 2024 година, а на ден 13 септември 2024 година, Комисијата со кандидатите кои што аплицирале за работното место и кои имаа навремени и комплетни пополнети пријави спроведе интервју.

Врз основа на спроведената постапка и резултатите од истата, Комисијата состави Извештај за спроведената постапка за вработување на

неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со ранг листа на кандидати и предлог за избор на кандидат за работното место Су.бр.1063/24/2 од 13 септември 2024 година.

Согласно член 15 став 1 од Правилникот, а врз основа на доставениот предлог од страна на Комисијата, Судот донесе одлука за избор на кандидатот наведен во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на интерент страницата на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
д-р Дарко Костадиновски